Врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/25 и 135/25) и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 40/26 и 138/26), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 23 јули 2026 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ПРОБНА РАБОТА**

1. Се продолжува лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ОСЛОМЕЈ 3б" издадена на Друштвото за производство на електрична енергија ФОРТИС ЕНЕРГЕТИКА ФОТОНАПОНСКИ ЦЕНТРАЛИ ДООЕЛ Скопје со Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ФЕЦ "ОСЛОМЕЈ 3б" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 162/24, 86/25 и 225/25).

2. Во Прилогот, во точка 4 зборовите "1 август 2026 година" се заменуваат со зборовите "1 мај 2027 година".

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија" и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за производство на електрична енергија ФОРТИС ЕНЕРГЕТИКА ФОТОНАПОНСКИ ЦЕНТРАЛИ ДООЕЛ Скопје, со седиште ул. "Железничка" бр.31-3/32 Скопје – Центар (во понатамошниот текст: Друштво), на 14 јули 2026 година до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Барање за продолжување на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија од ФЕЦ „ОСЛОМЕЈ 3.1 (3-б)", УП1 бр.12-317/26 од 14 јули 2026 година.

Регулаторната комисија за енергетика, на Барање на Друштвото, соодветно има донесено Одлука за издавање на лиценца за пробна работа за вршење на енергетска дејност производство на електрична енергија ФЕЦ "ОСЛОМЕЈ 3б" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 162/24, 86/25 и 225/25).

Друштвото го достави Барањето и потребната документација наведена во Прилог 1, Образец БЛ 21 од Правилникот за лиценци.

Друштвото има доставено Извештај од надзорен инжинер бр. 0302-6885/1 од 27 јуни 2026 година изработен од Друштво за градежништво и услуги УРБАН СТИЛ ИНЖЕНРИНГ ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр. 33 локал 6 Скопје.

Регулаторната комисија за енергетика утврди дека поднесеното Барање е потполно и согласно член 5 став (4) од Деловникот за работа со Решение бр. 02-1192/2 од 23 јули 2026 година, одлучи да се одржи седница за донесување на оваа одлука без одржување на подготвителна седница.

Регулаторната комисија за енергетика на 23 јули 2026 година одржа седница на којашто врз основа на член 54 став (1) точка 1.21, член 77 од Законот за енергетика* и член 27 став (3) од Правилникот за лиценци, донесе Одлука за продолжување лиценцата за пробна работа од фотонапонска електроцентрала ФЕЦ "ОСЛОМЕЈ 3б" издадена на Друштвото за производство на електрична енергија ФОРТИС ЕНЕРГЕТИКА ФОТОНАПОНСКИ ЦЕНТРАЛИ ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**УП1 12-317/26**
**23 јули 2026 година**
**Скопје**

**Претседател на**

**Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и**

**услуги за управување со комунален отпад**

**на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**